## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Сите радиодифузери

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

Бр. 03-2631/1

Скопје 23.06.2020г.

**Предмет: Потсетување за обврските од Изборниот законик за време на изборната кампања**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Од 24 јуни 2020 година, со почетокот на изборната кампања започнуваат да се применуваат одредбите од Изборниот законик што се однесуваат на овој период од изборниот процес. Со овој допис сакаме да Ве потсетиме на обврските за кои секако подетални информации треба да побарате во Изборниот законик, кој заедно со другите релевантни документи за овие избори (Методологијата за мониторинг и двете упатства, за лимитите за платено политичко рекламирање и за потврдување на извештаите за реализирани услуги), може да ги најдете на нашиот веб сајт во делот ИЗБОРИ 2020.

За време на изборната кампања:

- Радиодифузерите што одлучиле да го покриваат изборниот процес се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма, а Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери и во формат соодветен за лицата со сетилна попреченост. Притоа на сите учесници во кампањата треба да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми, бесплатно политичко преставување и платено политичко рекламирање, а програмите наменети за малолетната публика да не ги користат за изборно медиумско претставување (член 75).

- Избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, освен во платеното политичко рекламирање, треба да се обезбеди во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. При утврдување на избалансираноста се зема во предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците (член 75-а).

- Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините, на државните институции, како и на правните и други лица со јавни овластувања не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект (член 75-б).

- Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на учесниците во изборниот процес (член 75-в ).

- Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма и да ги чуваат снимките најмалку 30 дена по завршување на изборите. Додека на барање од Агенцијата, треба да достават снимки и други податоци, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето (член 75-г).

- Забрането е да се емитуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања (член 75-д).

- Радиодифузерите треба да ги почитуваат лимитите за платено политичко рекламирање, утврдени во Уредбата на Владата за прашања поврзани со изборите за пратеници, односно Упатството на Агенцијата за лимитите за платено политичко рекламирање.

- Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите со јасно означен нарачател. Не е дозволено учество на малолетници, и не смее да се емитува во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани. Исто така, посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање. Кампањите на ДИК за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори не се сметаат за платено политичко рекламирање (член 76).

- Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди непристрасно информирање и рамноправен пристап во информативната програма во согласност со принципите утврдени во Изборниот законик, да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес, како и да организира дебатни емисии со нив (член 76-а).

- Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите. При нивното објавување задолжително треба да се наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено (член 77).

- Радиодифузерите, како и нивните поврзани лица, не смеат на каков било начин да финансираат или пак, да даваат донации на учесници во изборниот процес (член 75).

- На образец пропишан од министерот за финансии, во рок од најдоцна 15 дена по завршување на изборната кампања, радиодифузерите се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и за средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Извештајот се доставува до Министерството за финансии, ДИК, ДЗР и ДКСК (член 85-а).

За деталите поврзани со потврдувањето на извештаите за реализирани услуги врз основа на кои ДИК ќе ги надоместува трошоците за емитуваното платено политичко рекламирање ќе ве потсетиме дополнително, во посебен допис.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**------------------------------------------------**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**